**Упатство за процесот на поднесување на барање за Одобрение на Организација за управување со постојаната пловидбеност (CAMO) согласно Дел К Поддел Е**

Почитувани,

Ве информираме дека согласно обврските на работниот аранжман со Европската агенција за цивилно воздухопловство (EASA) кој стапи на сила на 31 август 2009 година и обврските од Анекс I и II од Мултилатералната спогодба за основање на Европската заедничка воздухопловна област (ECAA) ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/07), Агенцијата за цивилно воздухопловство како компетентна и надлежна воздухопловна власт во Република Македонија, врз основа на член 122 став 6 и 7 и 121 став 5 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07 и 103/08), го донесе Правилникот за начинот на одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, изработка на техничко-технолошка документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, како и формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за исполнување на условите за одржување на воздухоплови (Службен весник на Република Македонија бр. 61/09).

Начинот на одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, изработка на техничко технолошка документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење се утврдени во ЕУ Регулативата 2042/2003 Анекс I дел M оддел A и Анекс II дел 145 оддел A која е преземена согласно Анекс I од Мултилатералната спогодба за основање на Европската заедничка воздухопловна област ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/07) дадени во Прилог 1 како составен дел на горе наведениот правилник.

Со овој правилник се утврдуваат основните услови за постигнување на високо изедначено ниво на безбедност на цивилното воздухопловство во Европската заедничка воздухопловна област и се утврдуваат заедничките технички услови и административните процедури за осигурување постојана пловидбеност на воздухоплови. Од организациите и персоналот кои се вклучени во одржување се бара да исполнат одредени технички услови, за да ја покажат својата способност и средствата за вршење на своите обврски како и правата поврзани со нив. Правилникот се однесува на сите правни субјекти и физички лица кои имаат намера да оперираат во комерцијалален и некомерцијален воздушен транспорт после 28 септември 2009 година.

## 1 ВОВЕД

1.1 Агенцијата за цивилно воздухопловство како цивилна воздухопловна власти и надлежен орган треба да ги воведе европски регулативи за издавање Уверение за пловидбеност и соодветно Уверение за преглед на пловидбеноста на 28 септември 2009 год. или пред тој датум.

1.2 Спроведувањето на регулативите на ЕЗ ќе опфаќа одобрување на организации заради управување со постојана пловидбеност во согласност со Поддел Е на Анекс 1 (Дел К) на ЕЗ регулативата ЕЗ2042/2003.

1.3 Која било организација, откако ќе поднесе барање и ќе покаже сообразност со Дел К, Поддел Е ќе добие одобрение за управување со постојана пловидбеност и исто така: -Ќе даде препораки до Агенцијата за цивилно воздухопловство дека може да се издаде Уверение за преглед на пловидбеноста (Образец 15а на ЕАСА) или во одредени случаи ќе издаде и ре-издаде Уверение за преглед на пловидбеноста (Образец 15б на ЕАСА) под условите на одобрението.

1.4 Комплетни податоци за условите и правата можат да се најдат во Регулативата 2042/2003 на Комисијата и прифатливите методи за утврдување на усогласеноста (АМС) кои се поврзани со неа во Правилникот за начинот на одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, изработка на техничко-технолошка документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, како и формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за исполнување на условите за одржување на воздухоплови (Службен весник на Република Македонија бр. 61/09).

## 2 КОРИСНИ ПОМОШНИ ДОКУМЕНТИ

2.1 Регулатива на Советот (ЕЕЗ) бр.  2407/92- Издавање на дозволи на авиопревозници

2.2 Европски Совет ЕЗ 1592/2002-Заеднички правила во областа на воздухопловството и за основање на ЕАСА

2.3 Регулатива 1702/2003 на Комисијата за спроведување на правила за издавање на уверенија за пловидбеност и заштита на животната средина и сродни производи

## 3 ДЕФИНИЦИИ

3.1 Под ЕАСА се подразбира Европска агенција за воздухопловна безбедност.

3.2 Под мали воздухоплови се подразбираат оние воздухоплови со максимална маса на полетување од 5700 кг или помалку, со исклучок на хеликоптерите со повеќе мотори.

3.3 Под воздухоплови кои не се во согласност со ЕАСА се подразбираат: Воздухоплови со карактеристики наведени во Анекс II на Основната регулатива на ЕАСА (1592/2002) и воздухоплови вклучени во воени, царински или полициски активности.

3.4 Под Уверение за пловидбеност на ЕАСА се подразбира уверение издадено или кое се смета дека е издадено согласно Регулативата 1702/2003 на Европската комисија со која се признава дека воздухопловот ги исполнува применливите услови за пловидбеност. Овие уверенија се класифицираат како Уверенија за пловидбеност (Образец 25), Уверенија за пловидбеност со ограничување (Образец 24) или Дозволи за летање (Образец 20).

3.5 Под Уверение за пловидбеност на ЕАСА се подразбира Уверение за пловидбеност со кое се признава дека воздухопловот ги исполнува условите од уверение за тип, кое е издадено или кое се смета дека е издадено во согласност со Дел-21.

3.6. Под Уверение за пловидбеност со ограничување на ЕАСА се подразбира Уверение за пловидбеност со кое се признава дека воздухопловот ги исполнува условите од уверение за тип со ограничување или конкретните спецификации за издавање на уверение со кое се осигурува соодветна безбедност, издадено во согласност со Дел-21.

3.7 Под Дозвола за летање на ЕАСА се подразбира Уверение за пловидбеност издадено на воздухоплови на ЕАСА, за кои не се покажало дека ги исполнуваат или во моментот не ги исполнуваат важечките услови за пловидбеност за издавање на Уверение за пловидбеност или Уверение за пловидбеност со ограничување, но кои се способни за вршење на безбеден лет под определени услови.

3.8 Комерцијален воздушен сообраќај (CAT) се однесува на авиопревозници на кои им е издадена дозвола, како што е определено со Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија"

бр. 14/06, 24/07 и 103/08), и националниот правилник за лиценцирање во согласност со Регулативата (ЕЕЗ) бр. 2407/92 на Советот.

3.9 Самостојна организација согласно Поддел Е е организација согласно Поддел Е која не е поврзана со Уверението за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз.

**4 ОПШТО**

4.1 Комплетни податоци за Дел-К Поддел Е можат да се најдат во Правилникот за начинот на одржување и техничка контрола на одржувањето на воздухоплов, мотор, елиса, падобран и опрема на воздухоплов, изработка на техничко-технолошка документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, како и формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверението за исполнување на условите за одржување на воздухоплови (Службен весник на Република Македонија бр. 61/09) која може да се симне бесплатно заедно со поврзаниот материјал од веб страницата на Службен весник на Република Македонија
http://www.slvesnik.com.mk/default.asp?section=hronoloski

4.2 Постојат два посебни елемента на одобрението согласно Дел К Поддел Е:
(i) Оние кои се поврзани со Уверението за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз и кои го опфаќаат управувањето со постојана пловидбеност на воздухоплови од комерцијален воздушен сообраќај (CAT) и
(ii) Оние организации кои сакаат да управуваат со постојаната пловидбеност на воздухоплови кои не се вклучени во комерцијален воздушен сообраќај (не-CAT).

4.3 И организациите кои се CAT, како и оние кои не се CAT можат да добијат дополнително одобрение за донесување одлуки за преглед на пловидбеноста.

4.4 Комплетни податоци за типовите за одобрение и правата можат да се најдат во Дел М.А 711 (а) и (б).

4.5 Доколку авиопревозник кој поседува одобрение согласно Дел К, Поддел Е со право на издавање и обновување на Уверение за преглед на пловидбеноста сака да го примени истото право на воздухоплов кој не е внесен во неговото Уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз, тогаш мора да се земе предвид

организацијата која поседува дополнително „самостојно“ одобрение согласно Поддел Е.

## 5 ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ

Сите барања треба да се достават до:

5.1 Барањата за одобрение согласно Дел К Поддел Е поврзани со Уверението за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз треба да се испратат до:-

5.2 Барањата за одобрение согласно Дел К Поддел Е поврзани со управување со постојана пловидбеност на воздухоплови кои не се САТ треба да се испратат до:

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Сектор за воздухопловна безбедност и надзор,
на адреса: ул.Даме Груев бр.1, 1000 Скопје

## 6. ПРОЦЕС НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ

6.1 Барањето на Образец 2 на ЕАСА мора да се пополни и достави до Агенцијата за цивилно воздухопловство за организации поврзани со Уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз односно за организации кои сакаат да управуваат со постојаната пловидбеност на воздухоплови кои не се вклучени во комерцијален воздушен сообраќај, со соодветна такса.

6.2 Од барањето, АЦВ утврдува дали барањето е поврзано со Уверението за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз, не САТ или промена на постоечко одобрение (со тоа ќе се утврди типот на референцата на одобрението кое треба да се назначи, доколку е потребно).

6.3 Штом барањето е потврдено се испраќа Контролна листа за сообразувањето (CCL) која се испраќа со потврда на барањето,за да ви помогне при подготовката на проценката на одобрението. CCL ќе мора да ја подигнете лично од Агенцијата за цивилно воздухопловство, Одделение за пловидбеност и регистар.

6.5 CCL е изработен со цел организацијата да го покаже методот на сообразување. Колку повеќе детали можат да се вклучат во CCL, толку поефикасен ќе биде процесот на одобрение.

6.4 Агенцијата за цивилно воздухопловство на ваше барање ќе ви достави документ „Опис за управување со постојана пловидбеност за секого (CAME)“, кој може да помогне при подготовката на вашата компанија. Меѓутоа, овој документ мора да се користи во согласност со Дел К, Поддел Е и CCL за точно да ја одразува организацијата и нејзините процедури.

## 7 ИСПИТУВАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ ОД СТРАНА НА АЦВ

7.1 Секторот за безбедност и воздухопловни стандарди пред да го испитува одобрението ќе ви достави известување.

7.2 Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе назначи инспектор(и) за проверка на вашето сообразување со регулативата. Инспекторот(ите) треба да даде позитивна препорака дека сите аспекти се сообразуваат со Дел К, Поддел Е, како што е соодветно, пред да може да се финализира одобрението и да се издаде уверението за одобрување.

7.3 Ве молиме да земете предвид дека кои било несообразувања мора да се исправат пред да се издаде одобрението.

7.4 Барателот мора да поднесе нацрт CAME во кое ќе бидат опфатени потребните процедури за сообразување со Организација за управување со постојана пловидбеност согласно Поддел Е, земајќи ги предвид обврските и задачите на Дел Л Поддели од А до З, како што е применливо за воздухопловите со кои се управува. Овие податоци треба да бидат доволно детални, за АЦВ да биде уверена дека се земени предвид сите аспекти на АМЦ М.А. 710(а).

7.5 Мора да се достави Образец 4 на EACA (квалификација и искуство на персоналот) за соодветниот менаџерски персонал.

7.6 Исто така, за потписниците за преглед на пловидбеноста кои покажуваат сообразување со условите на М.А.707 мора да се достави Образец 4 на EACA. Исто така треба да се внимава кој ќе го врши физичкиот преглед на воздухопловот. Се очекува тоа обично да биде лиценциран инженер со овластување за тип во согласност со Дел 66. Ќе треба да се изврши проверка на предложените лица кои ќе работат на осигурување на квалитет, управување со пловидбеност и преглед на пловидбеност, за да се осигури дека не постои судир на интереси.

7.7 Ако во барањето е наведен дополнителен потписник на Уверението за преглед на пловидбеноста (ARC) и право на препорака [Реф: M.A.711(б)] ќе биде потребно посебно да се процени дали е задоволително сообразувањето со одредбите од M.A.707 и M.A.710.

Тука ќе биде вклучена и потребата за надзор на првиот преглед на пловидбеноста пред да се одобри номинираното лице и да се издаде одобрението. Кога е уверен дека процесот е прифатлив, инспекторот ќе издаде Образец 15 а на EACA ARC за соодветниот воздухоплов, како дел од севкупната препорака за одобрение од организацијата.

На тој начин треба да се исполнат условите на M.A. 707 (б) со што номинираниот персонал за преглед на пловидбеноста ќе може формално да се прифати од АЦВ до задоволително извршување на преглед на пловидбеноста под надзор. Штом на овој начин ќе се одобри првиот номиниран потписник, кои било останати потписници можат да се номинираат откако ќе им се изврши надзор од првиот одобрен номиниран потписник и во согласност со процедурата пропишана од страна на CAME.
Друг клучен елемент за одобрување на потписникот на ARC е утврдување на независноста на персоналот за преглед на безбедноста, како од процесот за управување на пловидбеноста, така и од системот за квалитет. Независноста треба да се смета за норма во рамките на процесот на одобрување на организацијата, но кога организацијата е мала, а бројот на персонален е ограничен или кога условите за одобрение на организацијата се ограничени на воздухоплови за некомерцијален воздушен сообраќај со тежина помала од 2 730 кг или хеликоптери со еден мотор*, прифатливо е да се комбинираат одредени позиции. (Реф: AMCs M.A.706 1. & M.A.707(a) 4.)
**Забелешка: Во EACA НПА 07/2005 е предложено да се измени M.A.712 (ѓ) во овој поглед.*

7.8 Мора да се земе предвид дека компанијата која го поднесува барањето е одговорна да покаже сообразност со условите од Дел К Поддел Е, како што е применливо. АЦВ ќе го покаже сообразувањето така што ќе изврши ревизија на капацитетите, процедурите и персоналот на компанијата, за да утврди дали ги исполнуваат односните услови.

7.9 Доколку се поднесе барање за промена на постоечкото одобрение на Поддел Е, би било соодветно АЦВ да има средба со Главниот менаџер одговорен за безбедносни стандарди, бидејќи тоа би претставувала голема промена на одговорноста од првичното одобрение.

7.10 Доколку барањето е за првично одобрение, Главниот менаџер за безбедносни работи ќе треба да покаже дека го познава Дел К и во принцип постојаната пловидбеност.

7.11 Штом ќе биде уверена дека е постигнато сообразување со применливите регулативи, АЦВ ќе му потврди на барателот дека може да се издаде одобрение и АЦВ тогаш ќе го издаде Уверението за одобрение.

7.12 Тогаш АЦВ ќе спроведе двегодишен план за надзор за продолжување на одобрението.

7.13 За нови одобренија, зачестеноста на ревизијата може да се зголеми на почетокот, во зависност од искуството на компанијата и сложеноста на опфатот на одобрението.

Се надеваме дека ова Упатство за процесот на поднесување на барање за Одобрение на Организација за управување со постојаната пловидбеност изготвено од Секторот за безбедност и воздухопловни стандарди ќе ви биде од корист.

Ви посакуваме успешна работа,

Со почит,

Д-р Дејан Мојсоски